Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 11-2864/1
Дата: 18.05.2026
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Согласно член 67 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/2002), а во врска со член 80 и член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25, 269/25, 51/26), како и Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци со архбр.07-687/1 од 13.03.2006 година („Службен гласник на Општина Кавадарци бр.12/06), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.07-302/12 од 31.01.2014 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.12/14"), Одлука за изменување и дополнување бр.07-4925/5 од 30.10.2014 година, („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.24/14"), Одлука за изменување и дополнување бр.08-3116/15 од 16.06.2016 година, („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.46/16"), Одлука за изменување и дополнување бр.08-5066/13 од 31.10.2016 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.50/16"), Одлука за изменување и дополнување бр.08-6496/79 од 16.12.2020 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.66/20"), Градоначалникот на Општина Кавадарци објавува,

# ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА ПРИБИРАЊЕ НА БАРАЊА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Се повикуваат сите заинтересирани правни и физички лица во рок од 15 дена сметано од денот на објавувањето на јавниот повик да достават директно преку архива на општината или преку пошта со препорачана поштенска пратка барања за поставување на урбана опрема во место викано „12-те Ваташки другари", Општина Кавадарци на следните 5 локации:

[redacted]

Арх.Бр.
Дата:
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

**Локација бр.1**

Описни податоци: На локација бр.1 поставен е шанк со две помошни простории изградени од тврд материјал.

Вкупната површина од локацијата број 1 изнесува:

- Горно ниво - 80м$^2$, заедно со шанк

**Вкупно: 80м$^2$.**

**Локација бр.2**

Описни податоци: Локацијата бр.2 е целосно покриена со метална конструкција (настрешница) покриена со лим, постои можност за поставување монтажно - демонтажен шанк - типски, со **површина од 159м$^2$.**

**Локација бр.3**

Описни податоци: Оваа локацијата е целосно покриена со метална конструкција (настрешница) покриена со лим, постои можност за поставување монтажно - демонтажен шанк - типски, со **површина од 153,6м$^2$.**

**Локација бр.4**

Описни податоци: Оваа Локацијата делумно е покриена со метална конструкција (настрешница) ≈ 102м$^2$ и останатиот дел е непокриен ≈ 138м$^2$ или **вкупно 240м$^2$.** Постои можност за поставување монтажно - демонтажен шанк - типски.

**Локација бр.5**

Описни податоци: Локацијата е непокриена рамна поплочена површина со постојана урбана опрема (маси и столови), со површина од **185м$^2$.**

Составен дел на горенаведените локации се санитарни јазли кои што се заеднички и во функција на сите предвидени корисници.

Јавниот повик ќе се објави на веб страната на Општина Кавадарци www.kavadarci.gov.mk.

Надоместокот за користење на просторот изнесува 5 денари/1м2.

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

На корисниците на просторот Градоначалникот на Општина Кавадарци ќе им издаде соодветен управен акт одобрение за поставување на урбана опрема согласно одредбите од Законот за градење во кој ќе бидат дефинирани сите услови под кои треба да се постави истата.

**Напомена:**

Барателите имаат обврска за времетраењето на користењето на просторот, истиот привремено да го отстапат на користење на јавните општински претпријатија и установи доколку се јави неопходна потреба за негова употреба од истите во случај на организирање на јавни манифестации или други приредби и собири со научна, уметничка, културна или спортска содржина.

**Прилог:** Графички дел од локациите

Изработил,
Александар Ристов
Контролирал
Ефтимчо Петровски
Одобрил
Ирена Митрова

**Градоначалник**
Д-р Митко Јанчев

Арх.Бр.
Дата:
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk